# Оценка на квалитетот на туристичката понуда на град Скопје

**Раководител на проект:** Проф. д-р Мијалче Ѓоргиевски

**Нарачател:** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Изведувач:** Факултет за туризам
Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Оправданост на истражувањето:**

Квалитетот на туристичката понуда е основен фактор на конкурентноста на туристичката дестинација. Основната идеја на проектот е преку еден транспарентен, објективен и независен систем да се согледа постојната туристичка понуда на град Скопје, во соработка со сите релевантни и најважни претставници на туристичката индустрија, а на основа на која ќе се дадат препораки за понатамошен развој на туристичката политика на градот. Проектот подразбира оценка на квалитетот на туристичката понуда на скопските хотели категорирани со 3, 4, и 5 ѕвезди, категорирани ресторани и рецептивните туристички агенции.

Како главни **цели на проектот** се поставуваат следните: дефинирање на критериумите и оценување на квалитетот на туристичката понуда, за да на најдобрите хотели, ресторани и рецептивни туристички агенции им бидат доделени признанија и сертификати за квалитет на својата туристичка понуда.

**Истражување:**

За реализација на проектот ќе бидат вклучни професорите, асистентите и студентите од Факултетот за туризам. Во делот на оценувањето ќе бидат вклучени и надворешните учесници во проектот, заради комисиско оценување и транспарентност на оценувањето. Оценувањето ќе се спроведува според однапред стандардизирани интерни критериуми на Факултетот за туризам. Обајвувањето на резултатите од оценувањето ќе биде јавно со свечено доделување на сертификати за квалитет на најдобро рангираните туристички субјекти.

**Време:**

декември 2016 – август 2017

**Координатор на проектот:**

Проф. д-р Сашко Граматниковски

**Координатор за методологија на истражување:**

Доц. д-р Дејан Наковски

**Координатор за туристичките субјекти:**

Асс. м-р Владанка Давковска

**Координатор за студенти:**

Асс. м-р Горан Апостоловски

**Собирање и статистичка обработка на податоци:**

Студенти од Факултетот за туризам